09-40/16
Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Комисија за заштита на конкуренцијата
Komisioni për Mbrojtjen e Konkurrencës
Комисија за одлучување по прекршок
Komisioni për Vendimmarrje për Kundërvajtje
Скопје-Shkup
12.12.25
09-40/16

УПРК бр.31/2025

УПРАВНИОТ СУД преку судијата Марта Телеграфчиска како судија поединец, со записничар Анета Стевановиќ - виш судски соработник, одлучувајќи по тужбата на тужителот Трговско друштво за еколошки, комунални и други услуги РЕМОНДИС МЕДИСОН ДООЕЛ Скопје, поднесена преку полномошник АДВОКАТСКО ДРУШТВО „МЕНКИНОСКИ“ од Скопје против решение на Република Северна Македонија Комисија за заштита на конкуренција, Комисија за одлучување по прекршок ПП.број 09-40/12 од 11.07.2025 година, основ – прекршок конкуренција, вредност на спорот 60.000,00 денари, на ден 26.11.2025 година, согласно член 31 став 2 од Законот за управните спорови, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

Тужбата на тужителот Трговско друштво за еколошки, комунални и други услуги РЕМОНДИС МЕДИСОН ДООЕЛ Скопје, против решение на Република Северна Македонија Комисија за заштита на конкуренција, Комисија за одлучување по прекршок ПП.број 09-40/12 од 11.07.2025 година, СЕ ОТФРЛА КАКО НЕУРЕДНА.

Барањето на тужителот преку полномошник за надомест на трошоците во постапката, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

## О б р а з л о ж е н и е

Тужителот Трговско друштво за еколошки, комунални и други услуги РЕМОНДИС МЕДИСОН ДООЕЛ Скопје, преку полномошник АДВОКАТСКО ДРУШТВО „МЕНКИНОСКИ“ од Скопје со тужба за управен спор ја оспори законитоста на решението на тужениот орган означено во изреката на ова решение поради суштествени повреди на постапката, погрешна и нецелосна утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Предложи, судот тужбата на тужителот да ја усвои, оспореното решение да го поништи како незаконито и да го задолжи тужениот во рок од 15 дена од правосилноста на пресудата да му ги надомести трошоците на постапката за управен спор.

Постапувајќи по тужбата, судот утврди дека тужбата не ги содржи задолжителните елементи од член 25 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ број 96/2019), односно истата содржи суштествени недостатоци кои ја спречуваат работата на судот. Имајќи го предвид наведеното, Судот, со поднесок - Барање за уредување на тужба заведено под УПРК.бр.31/2025 од 10.09.2025 година го задолжи полномошникот на тужителот, во рок од 10 дена од приемот на барањето, да достави оригинал или заверен препис на конечниот управен акт кој го оспорува, уредно поолномошно за застапување пред Управниот суд потпишано од негова страна и заверено со адвокатски печат и потпис, уште 1(еден) примерок од тужбата со прилози согласно член 25 став 4 од ЗУС и да достави доказ за платена судска такса за тужба, а воедно му укажа и на последиците што ќе настапат ако не постапи по барањето за уредување на тужба.

Видно електронската достава, Барањето за уредување на тужба заведено под УПРК.бр.31/2025 од 10.09.2025 година, полномошникот на тужителот го примил на ден 10.09.2025 година, меѓутоа во дадениот рок од 10 дена, ниту пак до денот на одлучување на судот по тужбата, не постапи по наведеното барање за уредување на тужба и тужбата не ја уреди.

Согласно член 25 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 96/2019), Тужбата мора да биде разбирлива и да содржи: 1) Назив на судот пред кој се поднесува, 2) Лично име, односно назив и адреса,

односно седиште на тужителот со единствен матичен или даночен број, како и е-меил адреса и контакт телефон на тужителот, 3) Назив на тужениот, 4) Наведување на оспорениот акт, односно управен договор или опис на бараното дејствие, 5) Вредноста на предметот на спорот, 6) Тужбено барање, 7) Обем во кој се оспорува поединечниот управен акт, дејствието или управниот договор (целосно или делумно), 8) Причини за поднесување на тужбата во врска со главната работа и споредните барања, 9) Факти и докази на кои е засновано тужбеното барање, 10) Потпис на тужителот, 11) Доказ за платена судска такса. Согласно став 2 од истиот член и Закон, Ако со тужбата се бара враќање на предмет или надомест на штета, се наведува и барањето во поглед на предметот или висината на претрпената штета. Согласно став 3 од истиот член и Закон, Оригиналот или заверениот препис од оспорениот акт, управниот договор или доказ за постоење на актот треба да бидат приложени кон тужбата. Во случај кога се поведува управен спор поради недонесување на акт или непреземање на дејствие во пропишаниот рок, доказите за времето на поведување на управната постапка или поднесување на барањето треба да бидат приложени кон тужбата. Согласно став 4 од истиот член и Закон, Тужбата и прилозите се поднесуваат во најмалку три примероци.

Согласно член 31 став 1 од истиот Закон, доколку тужбата не ги содржи задолжителните елементи од член 25 став (1) од овој закон или е нејасна, судот ќе побара тужителот да ги отстрани таквите недостатоци во одреден временски рок што судот ќе го определи, и истиот ќе биде опоменат за последиците од непостапување согласно напатствијата на судот. Согласно став 2 од истиот член, доколку тужителот не ги отстрани недостатоците во одредениот рок, а природата на недостатоците го спречува судот во постапувањето по предметот, судот ќе донесе решение со кое ќе ја отфрли тужбата како неуредна, освен во случај кога ќе утврди дека оспорениот управен акт или договор е ништовен. Согласно став 3 од истиот член и Закон, Против решението од ставот (2) на овој член е дозволена жалба, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Со оглед дека полномошникот на тужителот не постапи по задолжението на судот и во оставениот рок од 10 дена од приемот на писменото барање за уредување на тужба ниту до денот на донесувањето на оваа одлука не ги отстрани наведените недостатоци во истото, а тие се такви што ја спречуваат работата на судот, Судот согласно член 31 став 2 од Законот за управните спорови, одлучи како во изреката на решението.

Решено во Управниот суд на ден 26.11.2025 година под УПРК.бр.31/2025.

Записничар - виш судски соработник
Анета Стевановиќ

Судија,
Марта Телегравчиска

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истото, преку овој суд до Вишиот управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за тужба во износ од 480,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, во спротивно ќе се наплати присилно преку Управата за јавни приходи зголемена за 50%.

Решението да се достави на:
- тужителот преку полномошник
- тужениот орган

Судија,
Марта Телегравчиска

Република Северна Македонија Управен суд Скопје

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува Судски службеник

ВТ/